РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„КОЧО РАЦИН"
Бр. 01-636/1
11 09 2025 год.
СКОПЈЕ-ЦЕНТАР

ООУ Кочо Рацин – Скопје
Општина Центар

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

за однесување на учениците за време на училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности

Скопје, 2025 година

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности, Училишниот одбор на ООУ „Кочо Рацин"- Центар на 11.09.2025 година донесува:

## ЕТИЧКИ КОДЕКС
за однесување на учениците за време на училишните екскурзии,
излети и други вонучилишни активности

Со Етичкиот кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии, излети и други вонучилишни активности, се пропишуваат етичките начела и правила на однесување кон кои треба да се придржуваат учениците во меѓусебните односи и во односите со трети лица со кои стапуваат во контакт во текот на екскурзијата, излетот или другата вонучилишна активност, а се во склад со личното достоинство и угледот на училиштето.

**Учениците се должни:**

- Задолжително да ги почитуваат законите на Република Северна Македонија.
- Достојно да го претставуваат училиштето, Општината и градот.
- Навремено да пристигнува на договореното место за поаѓање
- Задолжително да присуствуваат и активно да учествуваат во сите организирани активности за време на училишната екскурзија, излет и други вонучилишни активности.
- Се забранува напуштање и одалечување од група за време на договорените активности без дозвола на одговорниот наставник.
- Да се однесуваат пристојно со почит кон наставниците, соучениците и друг персонал за време на екскурзијата.
- Да се облекуваат пристојно во соодветна облека, и да имаат прикладен изглед на фризура, накит и слично
- Се забрануваат: кратки маици и здолништа, длабоко деколте, искинати фармерки, облека со несоодветна апликација и слично
- Да се грижат за личната хигиена и хигиената каде што престојуваат и отпадоците да ги одложуваат во корпи за отпадоци
- Навремено да ги информираат одделенските раководители за проблемите со кои се соочуваат и да побараат помош кога им е потребна
- Меѓусебните недоразбирања да ги решаваат со разговор и толеранција
- Да не потценуваат ниту еден соученик или да вршат дискриминација по пол, возраст физички изглед, националност, религија или сл.
- Строго се забранува нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување, нанесување на материјална штета
- Строго се забранува вербално или физичко насилство, игнорирање, упатување навредливи зборови, омаловажување, исмејување. Нанесувањето психичка болка е исто така насилство.
- Строго се забранува консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанци.

Врз основа на Кодексот родителот/старателот на ученикот потпишува изјава дека при изведувањето на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности, ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот.

Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководител најдоцна три дена пред изведувањето на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности.

На ученикот кој за време на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности, не го почитува Кодексот, Наставничкиот совет му забранува учество на наредни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

Директор

Претседател на УО